РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Бр. 08 - 2087/1
29 . 12 20 20 год.
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весникна РСМ" бр.32/2020), и член 20 од Статутот на Општина Македонска Каменица ( „Сл. Гласник на општина М. Каменица" бр. 20/19), Советот на општина М. Каменица на 39[та]седница одржана на ден 29.12.2020 година донесе

# П Р О Г Р А М А

## за изработканаурбанистичкипланови, урбанистичко- планска документација и урбанистичко проектна документација на подрачјето на општина Македонска Каменица за 2021 година

### I

Урбанистичкото планирање е континуиран процес кој се обезбедува со донесување и спроведување на урбанистички планови и урбанистичко-планска документација со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот и заштитата и унапредување на животната средина и природата и е дел од системот на просторно и урбанистичко планирање, што се состои од Просторниот план на РСМ и просторните планови за негово спроведување, како и од урбанистичките планови и актите за нивно спроведување.

Изработувањето, донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови, урбанистичко планските документации и урбанистичко проектните документации се работи од јавен интерес.

Урбанистичкото планирање ги уредува границите на населените места и границите на планираните градби вон населените места, организацијата, намената, начинот на употребата на просторот и замјиштето и начинот и условите за изградба на планираните градби во и вон границите на населените места, како и сообраќајната и секоја друга инфраструктура, заштита и уредување на животната средина, недвижното културно наследство и други аспекти на социјална, економска и еколошка одржливост на човечките населби.

Урбанистичкото планирање функционира за остварување на целите чие остварување се обврска на сите учесници во процесот на изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови и тоа:

-рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот,создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбаните бариери, одржлив просторен развој, сочувување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата, справување со климатските промени, сочувување и заштита на недвижното културно наследство и безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии.

Согледувајќи ги насоките за развој на општината и потребите на правни и физички лица, а со цел овозможување на градби и комплекси на подрачјето на Општина Македонска Каменица согласно законската регулатива, изработена е годишна програма за изработка на урбанистички планови, урбанистичко планска документација и урбанистичко проектна документација.

Изработката на урбанистичките планови од програмата се финансира од Буџетот на Општината и од заинтересирани правни и физички лица чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општината.

Исклучок од ова се урбанистичките планови за села кои се финансирани од Агнецијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Заради поттикнување и забрзување на процесот на уредување на просторот и според потребите и обезбедувањето на финансиски средства од буџетот наопштината, општина Македонска Каменица донесува годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови со кои се врши изменување и дополнување за неколку локалитети.

## УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

### 1. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Детелен урбанистички план е урбанистички план кој се донесува за плански опфат за кој е донесен генерален урбанистички план. Деталниот урбанистички план како план од пониско ниво, мора да биде усогласен со генералниот урбанистички план.

Детален урбанистички план е урбанистички план кој се донесува за опфат за кој е донесен Генерален урбанистички план.

Вомеѓувремедосегасевршениизмени и дополнувањана ДУП занеколкулокалитети ( ДУП занаселба ,, Цинкара,, во 2000 год, ДУП за ,, Делодцентралнотоградскоподрачје,,во 2009 год, ДУП залокалитет ,, Горнарека,, и ,, Долнарека,, во 2011 год, ДУП залокалитет ,, околуулица ,, Индустриска,, во 2012 год како и неколкупомалилокалитетиодпо 1,0 до 2,0 ха, во населба – Цинкара, дел од урбан блок 9 и др.), измена и дополна на блок 1 и блок 2 , дел од централното градско подрачје.Вкупносеизвршениизмении дополнувањана ДУП изработенво 1983 годзаоколу80,00 ха.

Во оваа годишна програма се планирани следниве локалитети:

1. **Локалитет заблок 4** -опфатот дефиниран со осовина на ул.Каменичка, осовина на улица Гоце Делчев, осовина на улица Осоговска и осовина на ул. Александар Македонски.

2. **Локалитет за блок 5** – опфатот дефиниран со граница на крајбрежен појас, осовина на ул.Самоилова, ул.Осоговска,ул.Гоце Делчев и ул.Каменичка ;

3. **Локалитет за блок 8**- опфатот дефиниран со осовина на ул.Каменичка, западна граница на КП бр.3634 и граница на плански опфат;

4. **Локалитет за блок 13**- м.в.Ливада, опфатот дефиниран западно од улица Церска(осовина на ул.Церска, западна граница на КП бр.3793 и граница на плански опфат.)

5. **Локалитет за блок 14** - опфатот дефиниран со осовина на ул.Церска, ул.Миле Јаневски-Џингар, ул.Индустриска и граница на плански опфат.

6. **Локалитет за блок 15** –опфат дефиниран со осовина на улица Индустриска, улица Миле Јаневски Џингар и улица Церска

7. **Локалитет за блок 17 -** опфатот дефиниран со Каменичка река, граница на крајбрежен појас, осовина на ул.Индустриска и јужна граница на КП бр.4226, КП 4225 и КП 4228;

### 2.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА

Урбанистики план за село е урбанистички план кој се донесува за неселено место село, утврдено со закон.Локалитети кои се предвидени работата се следниве:

1.Урбанистички план за село Луковица;
2.Урбанистички план за село Моштица
3 Урбанистички план за село Саса.

Согласно член 14 од Законот за просторно и урбанистичко планирање(Сл.весник на РСМ бр.32/2020) и член 37, член 39 и член 42 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/2020) за погоренаведените урбанистички планови за села Луковица, Моштица и Саса ќе се работи тип на урбанистички план за средно развиено село.

Во програмата дополнително можат да се вградат локалитети за изработка наурбанистики план за села според програмските барања на општината и локалитети на кои ќе можат да бидат реализирани барања на заинтересирани физички и правни лица, прифатливи за општината.

### 3.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНИ МЕСТА

Урбанистички план за вон населено место е урбанистички план кој се донесува за групи на градби и комплекси, поголеми градби или инфраструктурни градби од локално значење, кои се наоѓаат вон населено место, односно кои не се опфатени ниту со генерален урбанистички план, ниту со урбанистички план за село.

Со овој план се уредува намената и начинот на користење на просторот, како и услови за градење на комплекси и градби вон од градовите и другите населени места.

Во програмата дополнително ќе се вградат локалитети за изработка на урбанистички планови вон населено место според програмските барања на општината и локалитети на кои ќе можат да бидат реализирани барања на заинтересирани физички и правни лица, прифатливи за општината.

## УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### 1. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

Урбанистички проект е планско-проектна документација што се изработува врз основа на донесен урбанистички план и служи за негова разработка и спроведување. По исклучок на погоренаведенот урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се изработува врз основа на Просторниот план на РСМ.

Урбанистички проект е планско-проектна документација што се изработува врз основа на урбанистички планови од член 10 став 1 точка 2,3,4 и 5 и служи за нивна разработка и спроведување. Со урбанистичкиот проект се врши детално разработување на градежни парцели и на градежно земјиште за општа употреба за кои во урбанистичките планови не се дадени детални одредби за градење и уредување на земјиштето.

Во зависност од видот и намената на градежното земјиште и градбите што се предмет на разработка, урбанистичкиот проект може да биде: урбанистички проект за парцелирано земјиште, урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба, урбанистички проект за стопански и индустриски намени, урбанистички проект за инфраструктура, урбанистички проект за село , урбанистички проект со план за перцелација и урбанистички проект вон на урбанистички планови.

Урбанистичките проекти ќе се донесуваат по потреба и според програмските барања на општината и на заинтересирани правни и физички лица.

## II

Програмата за изработка на урбанистички планови се финансира од буџетот на општина Македонска Каменица и од заинтересирани правни и физички лица, чии што програмски барања и подрачја на интерес ќе бидат прифатливи за општината.

Реализацијата на плановите од програмата ќе зависи од обезбедените финансиски средства од страна на општината и од заинтересираните правни и физички лица.

Програмата може да се дополнува согласно планираните активности и настанатите потреби, како и од позитивно одговрените барања на заинтересирани лица.

## III

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласникна општина Македонска Каменица".

**Совет на општина М.Каменица**
**Претседател**
**Иван Кузмановски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА